**20161804024**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ВОЗИЛАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ, КАКО И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРСКИТЕ ТАБЛИЦИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на регистрирање на возилата Полицијата во Министерството за внатрешни работи, како и за формата и содржината на регистарските таблици („Службен весник на Република Македонија” бр. 73/09), членот 8 се менува и гласи:

„Службените патнички автомобили на Граничната полиција се обоени со бела боја и имаат:

- ознака „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ испишана со сини букви од двете бочни страни (Образец број 6);

на капакот на моторот амблем на Граничната полиција;

- вградено ротационо или треперливо сино светло на највисокото место на возилото и
- вграден уред за давање на звучни знаци во низа тонови со различна висина.

Службените теренски, комби возила, автобуси и товарните моторни возила на Граничната полиција се обоени со:

- сина боја и имаат ознака „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ испишана со бели букви од двете бочни страни или со бела боја и имаат ознака „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“испишана со сини букви од двете бочни страни;
- на капакот на моторот е поставен амблемот на Граничната полиција;
- вградено ротационо или треперливо сино светло на највисокото место на возилото и
- вграден уред за давање на звучни знаци во низа тонови со различни висина.

Службените мотоцикли на Граничната полиција се обоени со бела или сина боја. “

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.11-59277/1
21 септември 2016 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.